РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08-392
11.12.2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 13 став 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.124/15), член 28 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година и Предлогот Уп1 бр.08-392 од 09.12.2020 година за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-4478/2 од 10.12.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 44-та седница одржана на 10.12.2020 година донесе:

## ОДЛУКА
### за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, бр.08-59 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, поради тоа што имателот на дозволата кој врши дејност на локално ниво, не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”, на веб страницата на Агенцијата и во најмалку два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

### О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, е имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-59 од 05.01.2015

година, за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво, за подрачјето на Општина Пласница, Општина Кичево и Општина Македонски Брод, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

Согласно член 68 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Во член 90 став 4 од истиот Закон, пропишано е дека радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни да емитуваат најмалку 6 часа дневно програма на телевизија.

Согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот закон, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Согласно член 27 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Согласно член 27 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши вонреден надзор, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата.

Следствено на наведеното, на 19.11.2020 година, Секторот за информатичка поддршка и општи работи до Директорот на Агенцијата достави Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-4260/1 од 19.11.2020 година, вонреден, по службена должност на Агенцијата, за период опфатен со надзорот од 15.10.2020 година до 17.11.2020 година. Во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-4260/1 од 19.11.2020 година е наведено дека при проверка на системот за мониторирање на телевизиски и радио сервиси, во периодот од 15 октомври 2020 година заклучно со 17 ноември 2020 година во 14:00 часот, на локално ниво, констатирано е дека радиодифузерот – ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, кој врши дејност на локално ниво не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-4260/1 од 19.11.2020 година, се даде предлог мерка директорот на Агецијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка – одземање на дозволата.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба и констатираното прекршување на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, кој пропишува дека доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини истото е основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 достави Предлог Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 01.12.2020 година, со Заклучок, арх.бр.02-4349/2 од 01.12.2020 година, го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година, за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, доставен од предлагачот Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-392 од 01.12.2020 година, во кое му беше укажано дека доколку веднаш не го усогласи работењето и отпочне со емитување телевизиска програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-392 од 01.12.2020 година, Агенцијата го испрати до ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница во писмена форма по препорачана пошта ЕМС на А.Д Пошта на РСМ, во врска со што во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека било уредно примено на 03.12.2020 година. Цитираното Известување на 01.12.2020 година, беше испратено и во електронска форма на официјалната електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Северна Македонија, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата.

Со цел да се утврди дали радиодифузерот го усогласил своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и отпочнал со емитување телевизиска програма, Секторот за информатичка подршка и општи работи на 09.12.2020 година изврши контролен, по службена должност на

Агенцијата административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, при што беше изготвен писмен Извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-4475/1 од 09.12.2020 година, во кој беше констатирано дека и покрај дадениот рок за усогласување на работењето, наведениот радиодифузер не отпочнал со емитување на телевизиска програма односно не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, при што со оглед дека се исполнети законските услови, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во цитираниот извештај дадена е предлог мерка – Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот на Агенцијата да се донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година.

Во врска со напреднаведеното, Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 09.12.2020 година, до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, достави Известување наш арх.бр.03-4480/1 од 09.12.2020 година со во прилог писмен Извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-4475/1 од 09.12.2020 година, во кое наведе дека Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 09.12.2020 година извршил контролен, по службена должност на Агенцијата административен надзор над работењето на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, при што констатирал дека радиодифузерот и покрај дадениот рок за усогласување на работењето, не го усогласил своето работење со член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеа 2 од истиот Закон, односно наведениот радиодифузер кој врши дејност на локално ниво не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата бр.08-59 од 05.01.2015 година - ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата Уп1 бр.08-392 од 25.11.2020 година од страна на Советот на Агенцијата, не ја отстранил повредата на член 90 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, а согласно Предлогот Уп1 бр.08-392 од 09.12.2020 година за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница од Директорот на Агенцијата и Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-4478/2 од 10.12.2020 година, се донесе Одлука со која се одзема дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата не емитувал најмалку 6 часа дневно програма на телевизија, односно престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба до надлежниот

суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница – Пласница; и
- Агенција за електронски комуникации.